РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр.02-958/5
28.06 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 122 став (1) точка а) од Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18) а во врска со член 38 став 2 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотатот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чивање и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија(Сл. весник на РМ бр. 226/16), Управниот одбор на Нотарската комора, на ден 28 јуни 2019 година, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК

## за формата и содржината на барањето за евидентирање на тестаменти, за упис на промени, исправки, одговор по поднесено барање во Регистарот на тестаменти како и надоместокот за упис, промени, исправки и одговор

### Член 1

Со овој Правилник за формата и содржината на барањето за евидентирање на тестаменти, за упис на промени, исправки, одговор по поднесено барање во Регистарот на тестаменти како и надоместокот за упис, промени, исправки и одговор (во понатамошниот текст: Правилникот), се уредуваат формата и содржината на барањето за евидентирање на тестаменти, за упис на промени, исправки, одговорот од Нотарската комора (во понатамошниот текст: Комората) по поднесено барање во Регистарот на тестаменти кои во писмена форма или по електронски пат се доставуваат до Комората, како и висината на надоместокот кој се уплатува за поднесено барање за евидентирање на тестамент, за упис на промени и исправки во регистарот на тестаменти и за одговорот од Комората за евидентиран тестамент во Регистарот на тестаменти.

### Член 2

(1)Регистарот на тестаменти го води Комората во електронска форма.

(2) За водење на Регистарот на тестаменти од страна на Комората се изготвува електронско решение по хронолошки редослед.

### Член 3

(1)Барање за евидентирање на тестамент во Регистарот на тестаменти од член 2 од овој Правилник доставуваат следните субјекти:

- нотари,
- основни судови,
- дипломатски- конзуларни преставништва,
- лица кои составиле тестамент и
- адвокати,

(2)Барањето, субјектите од став (1) на овој член го доставуваат до Коморатаво писмена или во електронска форма потпишано со електронски потпис.

**Член 4**

(1)По приемот на барање за евидентирање во Регистарот на тестаменти, од страна на Комората се доделува евиденциски број, кој се состои од корисничкиот број на Регистарот на тестаменти и бројот на тестаментот (доколку го има).

(2)Сите писмена кои се однесуваат на Регистарот на тестаменти, се у патуваат до Комората во писмена или електронска форма.

(3)Барањата по електронски пат, субјектите од членот 3 на овој Правилник можат да ги поднесуваат по електронски пат само доколку поседуваат корисничко име и сигурносна лозинка.

Корисничкиот број за пристап до Регистарот на тестаменти го доделува Комората, а сигурносната лозинка овластениот субјект ја креира сам. Сигурносната лозинка мора да се чува во тајност и да се заштити од злоупотреба.

**Член 5**

(1)Сите лица кои работат на обработка на податоците во Регистарот на тестаменти, како и вработените во Стручната служба на Комората, а имаат пристап до податоците во Регистарот на тестаменти се должни да ги чуваат како тајна овие податоци.

**Член 6**

**I ЕВИДЕНТИРАЊЕ**

Барањето за евидентирање на тестамент ги содржи следните податоци:
- име, презиме, ЕМБГ и адреса на завештателот,
-
име и презиме на физичко лице, односно назив на органот кој ги доставува податоците,
- датум на составување на тестаментот и место каде тестаментот е оставен на чување( доколку има таков податок) и
- датум на прогласување на тестаментот, доколку тестаментот е прогласен.

**II. ПРОМЕНА И ИСПРАВКА НА ЕВИДЕНТИРАНИТЕ ПОДАТОЦИ**

Барањето за промена и исправка на евидентираните податоци ги содржи следните податоци:
- име, презиме, ЕМБГ и адреса на завештателот,
-
име и презиме на физичко лице, односно назив на органот кој ги доставува податоците,
- датум на составување на тестаментот и место каде тестаментот е оставен на чување (доколку има таков податок) и
-
датум на прогласување на тестаментот, доколку тестаментот е прогласен
- датум на враќање на тестаментот, доколку тестаментот е вратен и

- датум на отповикување на тестаментот доколку е отповикан и
- забелешка (каде се наведува која промена или исправка се врши)

## III. БАРАЊЕ ЗА ИНФОРМАЦИЈА - ПОДАТОЦИ

Барањето за информација од регистарот за тестаменти ги содржи следните податоци:
- име и презиме, ЕМБГ и адреса на завештателот,
- податоци за барателот на податоците.

## IV.ОДГОВОР ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ОД РЕГИСТАР НА ТЕСТАМЕНТИ ОД НОТАРСКАТА КОМОРА

- Збор по кој се пребарува,
- Датум на пребарување,
- Резултат,
- Нотар,
- Евиденциски број и датум,
- Име презиме, ЕМБГ и адреса на завештател
- Име и презиме на физичко лице, односно назив на органот кој ги дос тавува податоците,
- Датум на составување на тестаментот,
- Место каде е оставен на чување тестаментот,
- Датум на прогласување на тестаментот,
- Датум на враќање на тестаментот,
- Датум на отповикување на тестаментот.

### Член 7

(1)Податоците од Регистарот на тестамети ги издава Комората во писмена или електронска форма во форма на одговор, најдоцна осум дена од приемот на барањето.

(2)Одговорот на барањето содржи целосно повторување на бараните податоци и резултатот кој одговара на бараните податоци.

(3) Форматот на одговорот е прилог на овој Правилник.

### Член 8

За секое поднесено барање до Комората, а во врска со Регистарот на тестаменти се постапува по претходно платен надоместок, од член 9 на овој Правилник, освен ако барањето е поднесено од суд или дипломатско конзуларно преставништво на Република Северна Македонија.

### Член 9

(1)За евидентирање на уписот на тестаментот се плаќа надоместок во износ од 500,оо денари.

(2)За добивање одговор за издавање на податоци од Регистарот на тестаменти од Нотарска комора се плаќа надоместок во износ од 300,оо денари.

(3)За промена или исправка на евидентираните податоци во кои спаѓаат уписот на враќање на тестамент, отповикување на тестамент и прогласување на тестамент се плаќа надомест во износ од 150,оо денари,

(4)Од плаќање на надоместоците утврдени од став 1), 2) и 3) ослободени се судовите и дипломатско – конзуларното претставништво на Република Северна Македонија.

(5)Надоместокот утврден во овој член е приход на Комората и се уплатува на нејзина трансакциона сметка и се прикачува кон барањето.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Управниот одбор на Комората, и истиот ќе се објави на веб страната на Нотарската Комора и во стручното списание Нотариус.

**НОТАРСКА КОМОРА**
**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**
**Васил Кузманоски**